Бр./Nr 12-395/2
18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на својата 21-ва седница одржана на ден 15.08.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-5499/1 од 28.11.2023 година оформен по сопствена иницијатива на ДКСК по објавени информации за јавни набавки во Државната --------------------- во кои се избрани фирмите ------------------и информациите за утврдување на начинот и постапката за склучените договори за закуп на деловниот простор, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај, од причина што за истите наводи веќе постапуваат други надлежни органи, Управата за финансиска полиција и Основното јавно обвинителство Скопје.

Целокупната документација со која располага ДКСК и е составен дел на предметот со број 12-5499/1 од 28.11.2023 година да се достави на натамошно постапување до Управата за финансиска полиција.

Предметот со број 12-5499/1 од 28.11.2023 година година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-5499/1 од 28.11.2023 година е оформен по сопствена иницијатива на ДКСК по објавени информации за јавни набавки во Државната ---------------- во кои се избрани фирмите ----------------.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во овој случај, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да обезбеди електронски пристап до спроведените постапки за јавни набавки во Државната ----------.
Воедно, од Државната ---------------- беа побарани информации и документација во врска со јавните набавки, во кои учествувале фирмите ---------------- и тоа, акти со кои се утврдува потребата за предметните набавки, буџетот и проценетата вредност за истите, годишните планови и нивни измени со кои се планираат предметните набавки и листа на сите договори за јавни набавки кои договорниот орган ги има склучено со посочените правни лица.
Во законски утврдениот рок побараните информации и документацијата од државните институции беа доставени до ДКСК.

По разгледување на прибавената документација беше констатирано дека се работи за сложен предмет, поради што по проценка на ДКСК, а согласно членот 28 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, беше ангажирано стручно лице да изготви надворешна експертиза во областа на јавните набавки, кои се предмет на постапување на ДКСК во овој предмет.

На ден 16.01.2024 година од страна на стручното лице беше доставена анализа на осумте постапки за јавни набавки на услуги од маркетинг агенција како и промотивни материјали спроведени од страна на АД ------------------------------ со експертското мислење во врска со истите.

На состанок на колегиумот на ДКСК одржан на 05.02.2024 година во врска со овој предметот беше донесен заклучок, постапувањето по овој предмет да се прошири со опфаќање и на дополнително јавно објавените информации за утврдување на начинот и постапката за склучените договори за закуп на деловниот простор и истите да бидат опфатени во проверката заедно со останатите наводи.

Во декември 2024 година од страна на ДКСК беа доставени Барања за прибирање информации до Основното јавно обвинителство Скопје и Управата за финансиска полиција во врска со тоа дали по наводите кои ги опфаќа овој предмет се водат соодветни постапки во двете институции.
Од Управата за финансика полиција беше доставено Известување дека Управата, согласно своите законски надлежности, постапува по предмети за сомневање за неправилности во работењето на -------------.Од страна на Основното јавно обвинителство Скопје не е доставен одговор до ДКСК.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Воедно, во периодот додека се бараа информации од други институции, во јавноста беа објавени информации дека надлежните институции, Основното јавно обвинителство Скопје, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи веќе преземаат предистражни и истражни мерки и активности во насока на прибирање на докази за утврдување на одговорност на повеќе лица посочени во пријавените наводи во предметот со број 12-5499 од 2023 година и постапките се во тек.

Имајќи во предвид дека во однос на предметните наводи во предметот, постапките пред другите надлежни органи (Основното јавно обвинителство Скопје, Управата за финансиска полиција и Министерството за внатрешни работи) се во тек, каде се преземаат согласно со закон, дејствија и активности во насока на прибирање на докази, ДКСК заклучи да го запре постапувањето по овој предмет и целокупната документација со која располага и е составен дел на овој предмет да ја достави до Управата за финансиска полиција на натамошно постапување.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил:И.П,раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК